Проект од „А“ категорија

ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ СКОПЈЕ

ПЈР МАКЕДОНИЈА



# Акциски план за животна средина и социјални аспекти

## Конечна верзија

1 Ноември 2018 година

Кратенки

| | |
|---|---|
| ГИЖССА / AESR | Годишен извештај за животна средина и социјални аспекти |
| CESMP / ПЖССАИ | План за мониторинг и управување со животната средина и социјални аспекти во фазата на изградба |
| ПОГ / CSOP | План за организација на градилиште |
| ПУГО / CWMP | План за управување со градежен отпад/шут |
| E&S | Животна средина и социјални аспекти |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ЕИБ | Европска Инвестициона Банка |
| АПЖССА / ESAP | Акциски план за животна средина и социјални аспекти |
| ОВЖС / ESIA | Оценка на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти |
| СУЖССА / ESMS | Систем за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ЕУ | Европска Унија |
| ПЈР | Поранешна Југословенска Република |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| ОПУЖСОА /OESMP | Оперативен план за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ЗБР | Здравје и безбедност при работа |
| PR | Барања за реализација |
| ПВЗС | План за вклучување на заинтересирани страни |
| ПСОВ | Пречистителна станица за отпадни води |

# 1 ВОВЕД

Европската Банка за обнова и развој (ЕБОР) и Европската инвестициона банка (ЕИБ) (Заемодавачи) ја разгледуваат можноста за обезбедување финансиски средства за ПЈР Македонија за финансирање на изградбата на нова пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) (Проектот) во градот Скопје (Градот).

Овој Акциски план за животна средина и социјални аспекти („АПЖССА”) вклучува клучни активности кои Јавното претпријатие (ЈП) Водовод и канализација Скопје (Претпријатието) треба да ги реализира во текот на спроведувањето на Проектот за да се обезбеди исполнување на Барањата за реализација („PR”) на ЕБОР, на Практиките и стандардите за животна средина и социјални аспекти на ЕИБ, и на националното законодавство, како и на законодавството на ЕУ. АПЖССА е изготвен преку земање предвид на наодите од деталната анализа на животната средина и социјалнините аспекти („E&S”) реализирана во текот на јули и август, 2018 година. **АПЖССА ќе претставува составен дел од договорот за финансирање со Заемодавачите.**

Претпријатието **ќе биде одговорно да гарантира дека третите страни или изведувачите на проектните локации ги исполнуваат барањата од АПЖССА** преку усвојување и спроведување на соодветниот систем за управување на Изведувачот. Ова се очекува да се реализира преку вклучување на соодветните барања и услови во документацијата за јавни набавки, договорите и под-договорите, и преку директна контрола и надзор од страна на Претпријатието. Тендерската документација и договорот за изградба ќе ги исполнуваат барањата за набавка на ЕИБ.

**Од Претпријатието се бара да воспостави и да одржува Систем за управување со животната средина и социјалните аспекти (СУЖССА)** што соодветствува со природата и опфатот на проектот сразмерно со нивото на неговото влијание врз животната средина и социјалните аспекти и прашањата во согласност со добрите меѓународни практики. Исто така, Претпријатието ќе треба да определи посебен персонал, вклучително со претставник(ци) од раководството, со јасни линии на одговорност и овластувања за одржување и спроведување на СУЖСОА, и да осигури дека вработените со директна одговорност за активностите коишто се релевантни за реализацијата на E&S за Проектот и работењето на Претпријатието се соодветно квалификувани и обучени.

**Исто така, од Претпријатието се очекува да воспостави сеопфатна политика за животната средина и социјалните аспекти** во која ќе се дефинираат целите и начелата за животната средина и социјалните аспекти кои му овозможуваат на Проектот да постигне добра реализација на E&S. Политиката ќе обезбеди рамка за процесот за оценување и управување со животната средина и социјалните аспекти соодветно на начелата од Барањата за реализација (PR).

**Претпријатието ќе врши мониторинг над спроведувањето на активностите наведени во овој Акциски план за животната средина и социјалните аспекти (АПЖССА).**

Врз основа на резултатите од мониторингот, Претпријатието ќе ги утврди и претстави сите потребни корективни и превентивни активности во изменетиот АПЖССА (како што е договорено со Заемодавачите), ќе ги спроведе утврдените корективни и превентивни активности, и ќе ги следи овие активности за да се подобри нивната реализација.

**Претпријатието ќе треба да доставува редовни извештаи до Заемодавачите за реализацијата на E&S за Проектот**, вклучително за усогласеноста со Барањата за реализација и спроведувањето на СУЖССА, АПЖСОА

и на Планот за вклучување на заинтересираните страни. Претпријатието ќе изготвува и доставува до Заемодавачите, Годишни извештаи за животната средина и социјалните аспекти за E&S и за прашањата поврзани со здравјето и безбедноста, и ќе биде ревидирано или поинаку евалуирано од страна на Заемодавачите во текот на фазите на спроведување на Проектот. Заемодавачите можат и периодично да ги потврдуваат информациите од мониторингот преку теренски посети спроведени од страна на експертите за животна средина и социјални аспекти на Заемодавачите и/или независни Експерти. Претпријатието мора веднаш да ги информира Заемодавачите за каков било инцидент или несреќен случај поврзани со E&S во врска со Претпријатието или со Проектот кои имаат, или кои веројатно ќе имаат, значително негативно влијание, или за какви било промени поврзани со проектниот опфат, при дизајнирање или работење што веројатно суштински ќе ги промени прашањата и влијанијата од проектот поврзани со животната средина и социјалните аспекти.

## Акциски план за животна средина и социјални аспекти

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **PR 1** | **Оценка и управување со прашањата и влијанието врз животната средина и социјалните аспекти** | | | | | | |
| 1.1 | **Дозволи и одобренија:**<br>• Доставување на ажурирана Оценка на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖС) до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) за **одобрување на ОВЖС** пред започнување на какви било градежни активности<br>• Доставување на барање до МЖСПП заради добивање **Водостопанска согласност и водостопанска дозвола** за ПСОВ и сифон пред започнување на какви било градежни активности<br>• Доставување на барање до Министерството за транспорт и врски (МТВ) за добивање **Градежна дозвола** за ПСОВ и за сифонот пред започнување на какви било градежни активности<br>• Изготвување и обезбедување одобрение за **Проект за користење и одржување** на ПСОВ и на сифонот (издадено од МТВ) и за колекторот за отпадни води (издадено од град Скопје), по завршување на изградбата и пред пуштање во употреба<br>• Доставување на барање за добивање **Дозволи за употреба** за ПСОВ и за сифонот (издадени од МТВ) и за колекторот (издадени од Градот), пред пуштањето во употреба<br>• Обезбедување усогласеност со барањата од горенаведените дозволи | • Усогласеност со националните барања | • Закон за животна средина<br>• Закон за водите<br>• Закон за градење | *Одговорност:*<br>Претпријатието за ПСОВ<br><br>Градот Скопје за колекторот и за сифонот<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | Во согласност со временските рамки утврдени со националните барања | Навремено обезбедени дозволи<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 1.2 | Развој и спроведување на **Систем за управување со животната средина и социјалниите аспекти** (СУЖССА) (вклучување на веќе постојните оперативни процедури развиени во рамки на ISO 9001 сертификатот за управување со квалитет (QM), Сертификатот за HACCP, и ISO сертификатите за лабораторија и верификација на мерна опрема и Лабораторија за санитарно тестирање (ISO 17020 и ISO 17025, како и системи кои се планирани да бидат воведени од страна на Претпријатието како што е ISO 14001), со опфаќање на барањата за животна | • Оптимизација на управувањето со животната средина преку формализиран систем<br>• Усогласеност со барањата на ЕБОР | • PR1 на ЕБОР - Системи за управување со животната средина и социјалните аспекти<br>• Најдобри практики | *Одговорност:*<br>Раководството на Претпријатието<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | Веднаш штом истото е можно, но најдоцна пред започнување на градежните активности | Изготвен и спроведен СУЖССА<br><br>Изготвен ESP<br><br>Дефинирани улоги и одговорности за спроведување на СУЖССА и јасно информирање на вклучените вработени од | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | средина и социјални аспекти (E&S), вклучително со:<br>• Преглед на E&S ризиците и поврзаните оперативни контроли<br>• Јасно дефинирани улоги, одговорности и овластувања за спроведување на СУЖССА<br>• Спроведување и мониторинг на Планот за организација на градилиште (ПОГ) (вклучително со Планот за мониторинг и управување со животната средина и социјални аспекти во фазата на изградба (ПЖССАИ), Оперативниот план за управување со животната средина и социјалните аспекти (ОПУЖССА), Планот за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС) и овој АПЖССА<br><br>Развој и спроведување на сеопфатна **Политика за животна средина и социјални аспекти** (ESP) за СУЖССА во која ќе се дефинираат целите и начелата за животната средина и социјални аспекти кои овозможуваат проектот да постигне добри еколошки и општествени резултати | | | | | Претпријатието за истите<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 1.3 | **Пред започнувањето со изградбата на ПСОВ,** барање од изведувачите да се подготви и спроведе:<br>• **План за управување со градежен отпад** (ПУГО) со земање предвид на сите релевантни национални законски регулативи и законодавството на ЕУ, вклучително со постапката за редовно евидентирање на количествата отпад кои се генерираат во текот на фазата на изградба<br>• **План за организација на градилиште** (ПОГ) вклучително со **Планот за мониторинг и управување со животната средина и социјалните аспекти во фазата на изградба** (ПЖССАИ) – Како минимум, ПЖССАИ ќе опфати мерки за следните аспекти: управување со емисии во воздух, бучава и вибрации, мерки за превенција и контрола на загадување на површински и подземни води во текот на изградбата, управување со почва, управување со опасни материи, заштита на биолошка разновидност, управување со ризици при истекување, подготвеност и реакција при итни случаи (вклучително со управување со пожари и експлозија), управување со жалбите на | • Усогласеност со националните барања и со барањата на ЕБОР | • Закон за градење<br>• Закон за животна средина<br>• Закон за води<br>• Закон за заштита од бучава<br>• Закон за управување со отпад<br>• Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта<br>• EBRD PR1, PR2, PR3, PR4, PR 8, PR 10<br>• Добри | *Одговорност:* Претпријатието за надзор, Изведувачот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси на изведувачите | Пред започнување на изградбата | Барање за изготвување на ПУГО и ПОГ (со ПЖССАИ) вградени во договорите со Изведувачот<br><br>Доказ за ПУГО и ПОГ (со ПЖССАИ) со придружни планови пред започнување на изградбата<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вработените и на надворешните заинтересирани страни, барања за персоналот за обезбедување, објавување на информации и вклучување на заинтересираните страни, постапка при откривање наоѓалишта (chance find procedure), управување со здравјето и безбедноста на заедницата, управување со сообраќајот, здравје и безбедност на работниците (План за ЗБР). | | меѓународни практики | | | | |
| 1.4 | **Пред започнување на работењето на ПСОВ**, да се осигури дека е воспоставен ОПУЖССА**.**<br><br>**ОПУЖССА,** како минимум, ќе опфати:<br>• мерки за намалување на ризик за следните аспекти: управување со отпад (План за управување со отпад – со вклучување и на опасниот отпад), управување со почва, управување со емисии во воздух, управување со бучава, мерки за превенција и контрола на загадување на површински и подземни води, управување со ризици при истекување, управување со опасни материи, заштита на биолошката разновидност, подготвеност и реакции во итни случаи (што опфаќа управување со дефекти на ПСОВ, пожар и експлозии), управување со сообраќај, барања на персоналот за обезбедување, управување со жалбите на вработените и на надворешните заинтересирани страни, објавување на информации и вклучување на заинтересирани страни, и управување со здравјето и безбедноста<br>• **План за мониторинг** за следните аспекти: емисии во воздух, емисии во вода, нивоа на бучава, квалитет на инфлуенти, квалитет на ефлуенти и анализа на тиња | • Усогласеност со националните барања и барањата на ЕБОР | • ЕБОР PR 1, PR 2, PR 3, PR 4, PR 10 | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Пред започнување на работењето на ПСОВ | Доказ за ОПУЖССА (Оперативен план)<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 1.5 | Спроведување на **анализа на тиња** во текот на периодот за тестирање на ПСОВ.<br><br>По добивање на податоците за карактеристиките на тињата, официјална комуникација со МЖСПП заради донесување одлука дали ќе биде потребна дозвола за ИСКЗ (интегрирано спречување и контрола на загадувањето) за постројката за согорување на тиња. | • Усогласеност со националните барања и барањата на ЕУ | • Закон за животна средина<br>• Уредба за определување на активности за инсталациите за кои е | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Пред фазата на започнување на работењето на ПСОВ | Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | потребна дозвола за ИСКЗ<br>• Директива на ЕУ за индустриски емисии | | | | |
| 1.6 | Доставување **Годишни извештаи за животна средина и социјални аспекти** до Заемодавачите, вклучително со напредокот во спроведувањето на АПЖССА. | • Спроведување на АПЖССА за ублажување на ризиците поврзани со проектот и реализација на барањата за годишно известување на Банките | • Политика на ЕБОР 2014 за животна средина и социјални аспекти<br>• Изјава на ЕИБ<br>• Релевантни одредби за животна средина и социјални аспекти во правниот договор со Банките | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Соопштување на името и деталите за контакт за жив.средина и социјални аспекти до Заемодавачите во рок од 3 месеци од потпишувањето<br><br>Редовен контакт со Заемодавачите во врска со спроведувањето на АПЖССА<br><br>Годишно известување за жив.средина и социјални аспекти до Банките | Интерна одговорност доделена за спроведување на АПЖССА и доставување на ГИЖССА до Заемодавачите.<br><br>Заемодавачите се информирани за името и деталите за контакт.<br><br>ГИЖССА во формат одобрен од Заемодавачите вклучително со напредокот во спроведувањето на АПЖССА се навремено доставени до Заемодавачите, во согласност со договорите. | |
| **PR 2** | **Работа и услови за работа** | | | | | | |
| 2.1 | Претпријатието да изготви, усвои и да ги информира сите свои вработени за **интерната постапка за поднесување жалби за прашања поврзани со работното место** во согласност со Барањето за реализација (PR) 2. | • Усогласеност со барањата на ЕБОР | • ЕБОР PR2 – Механизам за жалби<br>• Известување на ЕБОР за насоки за управување со жалби | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Пред започнување на работењето на ПСОВ | Изготвена, усвоена и соопштена интерна постапка за жалби<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 2.2 | Претпријатието да врши мониторинг дека Изведувачот го следи **националното законодавство за работни односи и ЗБР, како и PR 2** за механизмот за жалби за | • Усогласеност со локалните законски барања | • Закон за работни односи<br>• Закон за | *Одговорност:* Претпријатието за надзор, | Во текот на целата градежна фаза | Одредби за примена на релевантните барања од македонската законска | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | прашања поврзани со работното место.<br><br>Изведувачот да осигури дека сите под-изведувачи ги применуваат истите стандарди.<br><br>Претпријатието да врши мониторинг над работењето на изведувачот во однос на жив.средина и социјални аспекти вклучително со спроведувањето на стандардите од PR 2 преку реализација на редовни теренски посети (планирани и ненајавени). | и ЕБОР PR 2 | безбедност при работа<br>• ЕБОР PR2 – Хонорарни работници | Изведувачот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Ресурси на изведувачот | | регулатива и PR2, вградени во договорите со Изведувачот<br><br>Периодични проверки, вклучително со теренски посети и извештаи на изведувачите<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| **PR 3** | **Ефикасност на ресурси и спречување и контрола на загадувањето** | | | | | | |
| 3.1 | Осигурување дека Основниот проект е изготвен врз основа на барањата од Директивата за урбани отпадни води, Директивата за индустриски емисии, Директивата за депонии, релевантното национално законодавство за проектирањето и изградбата на ПСОВ и Најдобрите расположливи технологии за согорување на тиња.<br><br>Во Основниот проект, анализа на можноста за финален третман на тињата од трите мали ПСОВ (Волково, Сарај и Драчево) во постројката за согорување во ПСОВ во Скопје. Утврдување на конечната димензија на линијата за третман на тиња, вклучително со постројката за согорување, преку пресметување на дополнителните количества тиња за да се избегне отстранување на тињата во депонијата Дрисла. | Усогласеност со националните барања и барањата на ЕУ | • Директива за урбани отпадни води<br>• Директива за индустриски емисии<br>• Директива за депонии<br>• ЕБОР PR3<br>• Најдобри практики | *Одговорност:* Претпријатието за надзор, проектантот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Ресурси на проектантот | При изготвувањето на тендерската документација за Основниот проект | Вклучени барања во тендерската документација<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 3.2 | Барање од Изведувачот да ги вклучи во **ПЖССАИ** и да ги спроведе **мерките за намалување на ризик за квалитет на воздухот.** Покрај мерките кои се дефинирани во ОВЖС, да се вклучи и следното:<br>• Машините и возилата кои треба да се користат во градежните активности мора да имаат дозволи за употреба/работење<br>• Машините и возилата мора да имаат вградени филтри за намалување на емисијата на издувни гасови<br>• Возилата треба редовно да се одржуваат<br>• Опремата и машинеријата треба да се исклучени кога не се користат<br>• Треба да се користат висококвалитетни фосилни | Усогласеност со локалните законски барања, барањата на ЕБОР, и барањата од директивите на ЕУ | • Директива за индустриски емисии<br>• Закон за животна средина<br>• Закон за заштита на амбиентален воздух<br>• ЕБОР PR3 | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Пред започнување на работењето на ПСОВ | Доказ за CESMP (План во фаза на изградба)<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | горива (со низок процент на сулфур и олово) како моторно гориво за машините и за опремата<br><br>ПЖССАИ да вклучува одредби за **мониторинг** во текот на фазата на изградба како што е дефинирано во ОВЖС. | | | | | | |
| 3.3 | Барање од Изведувачот да ги вклучи во ПЖССАИ и да ги спроведе мерките за намалување на ризик за **управување со бучава**. Покрај мерките кои се дефинирани во ОВЖССА, да се вклучи и следното:<br>• Опремата и машините треба да се исклучени кога не се користат<br>• За машинеријата мора да се обезбедени дозволи за употреба/работење<br>• Во случај на поплаки на бучава од страна на локалните жители, потребно е да се ограничи истовременото користење на машини кои генерираат бучава над 70 dB<br>• Машините и возилата кои треба да се користат во градежните активности мора да имаат дозвола за употреба/работење<br>• Евиденција за техничката состојба на градежната машини и транспортните возила, и исклучување на која било дефектна опрема од работењето,<br>• Евиденција за користење на опрема за лична заштита од страна на вработените на градилиштето.<br>• План за мониторинг со конкретен вид на мониторинг, локации за земање примероци/ мерење, и гранични вредности за емисии или референтни вредности, интервал за мерење и надзор, одговорни лица, временски распоред, итн. | • Усогласеност со локалните законски барања, барањата на ЕБОР, и барањата од директивите на ЕУ | • Закон за заштита од бучава<br>• ЕБОР PR2<br>• Директива за бучава во животната средина | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>Лабораториската анализа ја извршува овластена лабораторија ангажирана од Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Изготвување на ПЖССАИ – пред започнувањето на изградбата на ПСОВ<br><br>Спроведување – во текот на изградбата на ПСОВ | Доказ за CESMP (План во фаза на изградба)<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите<br><br>Евиденција за спроведување на планот за мониторинг | |
| 3.4 | Потребно е Изведувачот да вклучи во **ПЖССАИ** и да спроведе:<br>• **План за подготвеност и реагирање во итни ситуации** (EPRP). EPRP треба да се подготви во блиска соработка со Центарот за управување со кризи на град Скопје, и во истиот треба да се наведат можните ризици, да се определи обучен тим за реагирање во итни ситуации, мерки за брза санација зависно од степенот на излевањето, незгоди со поплави, земјотрес, итн.<br>• **План за управување со опасности и превенција на** | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ<br>• Најдобри практики во градежништвото<br>• Соодветно реагирање во | • ЕБОР PR 3<br>• Закон за животна средина<br>• Закон за водите | *Одговорност:* Претпријатието за надзор Подизведувачот – градежна компанија за спроведување<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Во текот на целата градежна фаза | Доказ за EPRP и Планот за управување со опасности и превенција на излевање пред започнувањето на изградбата<br><br>Спроведена формална постапка за мониторинг на изведувачот и нејзина ревизија заради потврдување на | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **излевање** (како дел од EPRP), вклучително со одредби за мониторинг на купувањето, замена на производи со помалку опасни производи, означување и услови за складирање, оперативна контрола и секојдневно постапување со опасни материи и хемикалии на местото, проверки на контејнери и цистерни, и обезбедување на обука заради избегнување на истекување и излевање на опасни материи. | итни ситуации | | | | исполнувањето.<br><br>Вклучени во ГИЖСОА за Заемодавачите | |
| 3.5 | Вклучување во **ОПУЖССА** и спроведување на конкретни **мерки за намалување на ризик за квалитет на воздухот.** Покрај мерките кои се дефинирани во ОВЖССА, да се вклучи и следното:<br>• Машините и возилата кои треба да се користат во активностите за одржување мора да имаат дозволи за употреба/работење<br>• Машините и возилата кои ќе се користат во активностите за одржување мора да имаат вградени филтри за намалување на емисијата на издувни гасови<br>• Треба да се користат висококвалитетни фосилни горива (со низок процент на сулфур и олово) како моторно гориво за машините и за опремата | Усогласеност со локалните законски барања, барањата на ЕБОР, и барањата на ЕУ | • Закон за животна средина<br>• Закон за заштита на амбиентален воздух<br>• Закон за управување со отпад и Правилник за граничните вредности на емисии при горење и согорување на отпад и условите и начинот на работа на инсталациите за горење и согорување<br>• ЕБОР PR3<br>• Директива за индустриски емисии | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Изготвување на OESM – пред започнувањето на работењето на ПСОВ<br><br>Спроведување – во текот на работењето на ПСОВ | Доказ за ОПУЖССА (Оперативен план)<br><br>Вклучени во ГИЖСОА за Заемодавачите | |
| 3.6 | Вклучување во **ОПУЖССА** и спроведување на конкретни **мерки за намалување на ризик за управување со бучавата**. Покрај мерките кои се дефинирани во ОВЖС, да се вклучи и следното:<br>• Опремата и машините треба да се исклучени кога не се користат<br>• За машините мора да се обезбедени дозволи за употреба/работење | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • Закон за заштита од бучава<br>• ЕБОР PR2, PR4<br>• Директива за бучава во животната средина | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>Лабораториската анализа ја извршува овластена лабораторија | Изготвување на ОПУЖССА – пред започнувањето на работењето на ПСОВ<br><br>Спроведување – во текот на | Доказ за ОПУЖССА (Оперативен план)<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите<br><br>Евиденција за спроведување на планот за | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Во случај на поплаки на бучава од страна на локалните жители, потребно е да се ограничи истовременото користење на машини кои генерираат бучава над 70 dB<br>• Машините и возилата кои треба да се користат во градежните активности мора да имаат дозволи за употреба/работење<br>• План за мониторинг со конкретен вид на мониторинг, локации за земање примероци/ мерење, и гранични вредности за емисии или референтни вредности, интервал за мерење и надзор, одговорни лица, временски распоред, итн. | | | ангажирана од Претпријатието<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | работењето на ПСОВ | мониторинг | |
| 3.7 | Спроведување на **мониторинг план** за третман на издувни гасови и инсталации за третман на непријатна миризба во согласност со националното законодавство и со Директивата за индустриски емисии. | Усогласеност со локалните законски барања, барањата на ЕБОР, и барањата од директивите на ЕУ | • Закон за животна средина<br>• Закон за управување со отпад и Правилник за граничните вредности на емисии при горење и согорување на отпад и условите и начинот на работа на инсталациите за горење и согорување<br>• ЕБОР PR3 | *Одговорност:*<br>Претпријатието да ангажира компетентна лабораторија<br><br>Ангажираната лабораторија да ги анализира емисиите во воздух<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | Континуирано, во текот на оперативната фаза во согласност со националното законодавство | Евиденција за спроведувањето на планот за мониторинг<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 3.8 | **Мониторинг на квалитетот на површинските и подземните води** во текот на фазата на градење како што следи:<br><br>• Мерење на квалитетот на површинската вода, суспендирани честички, pH вредност, заматеност, растворен кислород и други параметри како што се РАН, на низводните и возводните точки на реката Вардар каде ќе се спроведуваат главните градежни активности. Земање примероци и лабораториска анализа на физичките и хемиските карактеристики на водата, еднаш пред | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • Закон за животна средина<br>• Закон за водите<br>• ЕБОР PR3<br>• Рамковна директива за води | *Одговорност:*<br>Претпријатието<br><br>Лабораториската анализа ја извршува овластена лабораторија ангажирана од Претпријатието<br><br>*Ресурси:* | Во текот на целата градежна фаза | Доказ за извештаи во врска со мониторингот на отпадните води, површинските води и подземните води<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | започнувањето на градежните активности, по што ќе следи месечен мониторинг<br>• Мерење на квалитетот и нивоата на подземните води на локации на ПСОВ на различни растојанија од реката. Лабораториска анализа на собраните примероци со пиезометар – еднаш месечно.<br>• Извештај за резултатите од мониторингот до надлежното административно тело | | | Интерни ресурси | | | |
| 3.9 | **Реализација на мониторинг на инфлуенти и ефлуенти** во текот на оперативната фаза, како што следи:<br>• мониторинг на квалитетот на инфлуентот од отпадните води во согласност со националните барања (двапати месечно), за параметрите: количество и квалитет на отпадната вода при влез во однос на BOD (БПК), COD (ХПК), SS, pH, $NH_4$- N, $NO_2$-N, $NO_3$-N, N-вкупно, P - вкупно, тешки метали, органски материи, заматеност, итн.;<br>• мониторинг на квалитетот на ефлуентот од ПСОВ на точката на испуштање, во согласност со националните барања (најмалку еднаш месечно или почесто по посебно барање), за параметрите: количество и квалитет на отпадната вода при влез во однос на BOD (БПК), COD (ХПК), SS, pH, $NH_4$- N, $NO_2$-N, $NO_3$-N, N-вкупно, P - вкупно, тешки метали, органски материи, заматеност, итн. | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • Закон за заштита на животната средина<br>• Закон за водите<br>• ЕБОР PR3<br>• Рамковна директива за води | *Одговорност:* Претпријатието за мониторинг на инфлуентот<br><br>Лабораториската анализа ја извршува овластена лабораторија ангажирана од Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Во текот на оперативната фаза | Доказ за извештаи од мониторинг<br><br>Вклучени во ГИЖССА за ЕБОР | |
| 3.10 | Најмалку еднаш годишно, реализација на лабораториско тестирање на тиња, резидуи од пепел од процесот на согорување и песок од флуидизираната постелка заради утврдување на категоријата на отпад и обезбедување инструкции за безбедно отстранување или за повторно користење. Во случај на идентификување на опасни делови од отпад, ангажирање на овластена компанија за управување со опасен отпад заради финално отстранување на истиот.<br><br>Извршување на први анализи во текот на тест-периодот од работењето на ПСОВ, т.е. во текот на првите 6 месеци<br><br>Реализација на лабораториска анализа на тешки метали (Hg, As, Ni, Cr, Pb, Cd, Fe, Zn) | • Усогласеност со локалните законски барања и барањата на ЕБОР | • Закон за управување со отпад<br>• ЕБОР PR 3 | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>Лабораторијата за вршење анализи<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Први анализи во текот на тест-периодот од работењето на ПСОВ, т.е. во текот на првите 6 месеци | Извештај за спроведен лабораториски тест.<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 3.11 | Спроведување на редовна контрола (најмалку двапати | • Усогласеност со | • Закон за животна | *Одговорност:* | Во текот на | Извештај за спроведена | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | годишно) и одржување на сифонот за да се спречи блокирање или прекин на текот на отпадните води, или истекување на отпадните води. | националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | средина<br>• Закон за водите<br>• Рамковна директива за води<br>• ЕБОР PR3 | Претпријатието<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | оперативната фаза<br>Најмалку двапати годишно за периодична контрола<br>Ако се детектира дефект, истиот веднаш се поправа | редовна контрола<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| **PR 4** | **Здравје и безбедност** | | | | | | |
| 4.1 | Претпријатието да осигури дека Основниот проект вклучува:<br>• изготвен План за заштита на животната средина и заштита од пожари и експлозии, што ги опфаќа и градежната и оперативната фаза.<br>• разгледување на сите сеизмички модели и пресметување на сеизмичката стабилност. Сеизмичкиот дизајн на инсталацијата мора да ги исполнува и Еврокодовите и националните критериуми за проекти.<br><br>Претпријатието да осигури дека законски наложените геотехнички истражувања се спроведуваат пред изготвувањето на Основниот проект. | • Заштита од природни опасности | • Закон за градење<br>• ЕБОР PR 4 | *Одговорност:*<br>Претпријатието<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | Пред и во текот на изготвувањето на Основниот проект | Основниот проект вклучува План за заштита на животната средина и заштита од пожари и експлозии, и пресметки за сеизмичка стабилност<br><br>Спроведени геотехнички истражувања<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 4.2 | Претпријатието треба да осигури дека **Тендерската документација и договорот за изградба ги исполнуваат барањата за набавка на ЕИБ.**<br><br>Во Тендерската документација, Претпријатието треба да вклучи **барање дека каменоломите и позајмиштата од каде ќе се обезбедува градежниот материјал мора да имаат соодветни дозволи**, за да се осигури дека градежните материјали потекнуваат од одобрени извори. | • Обезбедување безбедност и квалитет на употребените градежни материјали<br>• Минимизирање на ризиците поврзани со проектниот синџир на набавка | • ЕБОР PR 4 | *Одговорност:*<br>Претпријатието<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | Пред започнување на градежните работи | Тендерската документација ги исполнува барањата за набавка на ЕИБ<br><br>Во Тендерската документација е вклучено барањето дека каменоломите и позајмиштата од каде ќе се обезбедува градежниот материјал имаат соодветни дозволи | |
| 4.3 | **За фазата на изградба,** Претпријатието да побара од | • Безбедна работна | • Закон за градење | *Одговорност:* | Пред | ПЖССАИ е изготвен пред | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изведувачот да изготви, како дел од ПЖССАИ:<br>• **План за Здравје и безбедност при работа** (во кој ќе бидат опфатени мерките за ЗБР во ОВЖССА за фазата на изградба)<br>• **План за управување со сообраќај**<br><br>Мониторинг на исполнувањето на условите од страна на Изведувачот. | средина и подобрени резултати за ЗБ на изведувачите<br>• Осигурување на безбедност на патиштата и во сообраќајот | • Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта<br>• Закон за безбедност во патниот сообраќај<br>• ЕБОР PR 4 | Претпријатието за надзор, Изведувачот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Ресурси на изведувачот | започнување на градежните работи | изградбата и вклучува План за ЗБР и План за управување со сообраќајот.<br><br>Спроведена формална постапка за мониторинг на изведувачот и нејзина ревизија заради потврдување на исполнувањето. | |
| 4.4 | **За оперативната фаза**, Претпријатието да осигури дека **ОПУЖССА** вклучува:<br>• **здравствени и безбедносни мерки** како што се утврдени во ОВЖС за оперативната фаза<br>• **План за подготвеност и реагирање во итни случаи** (со План за управување со опасности и превенција на истекување) | • Безбедна работна средина и подобрени резултати за ЗБ на изведувачите<br>• Соодветно реагирање во итни ситуации | • ЕБОР PR 4 | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси или поддршка од надворешен консултант | Пред започнување на работењето на ПСОВ | *Оперативна фаза:* ОПУЖССА вклучува здравствени и безбедносни мерки, како и План за подготвеност и реагирање во итни случаи (со План за управување со опасности и превенција на истекување)<br><br>Документиран План за подготвеност и реагирање во итни ситуации<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| **PR 5** | **Експропријација на земјиште, присилно преселување и економско преселување** | | | | | | |
| 5.1 | Да се осигури дека секоја експропријација на земјиште во приватна сопственост за потребите на изградбата на ПСОВ или какви било привремени влијанија врз приватен имот ќе бидат надоместени по полна цена за замена во согласност со ЕБОР 5<br><br>Однапред да се извести тековниот корисник на земјиштето (*Факултетско земјоделско стопанство Трубарево АД*) за планираната експропријација за да се овозможи доволно време да се побара друго земјиште за закуп и за да се собере жетвата пред да се земе земјиштето | • Осигурување дека експропријацијата на земјиштето е разгледана согласно барањата од PR 5 | • ЕБОР PR 5 | *Одговорност:* Претпријатието/ Градот<br><br>*Ресурси:* Буџет на градот | Пред упис на земјиште | Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **PR 6** | **Биолошка разновидност и живи природни ресурси** | | | | | | |
| 6.1 | Во Основниот проект да се предвиди **тампон зона** од најмалку 50 м околу Острово | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • ЕБОР PR6<br>• *Закон за животна средина*<br>• *Закон за заштита на природата*<br>• Директива за птиците<br>• Директива за живеалишта | *Одговорност:* Претпријатието за надзор, проектантот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Ресурси на проектантот | При изготвувањето на тендерската документација за Основниот проект | Вклучени барања во тендерската документација<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 6.2 | Пред градежните работи, да се побара од Изведувачот да ангажира професионален биолог/еколог за да изврши **контрола на подрачјето предвидено за градежни активности** на:<br>• локацијата на местото на ПСОВ, за да се провери ова подрачје во однос на присуството на видови, со фокус на гнездата на земја на *Merops apiaster*, и за да се преземат соодветни мерки во согласност со практиките за заштита на биолошката разновидност<br>• локацијата покрај реката Вардар која е потребна за изградба на насипи за заштита од поплава, заради проверка на оваа област во однос на животни или гнезда за да се спречи убивање на животните кои можеби се кријат во крајбрежната вегетација. Посебно внимание треба да се обрне на видовите *Phalacrocorax pygmaeus* (мал корморан) - Анекс I од Директивата за птици; *Larus minutus* (мал галеб) - Анекс I од Директивата за птици и *Streptopelia turtur* (грлица, VU-ранлив вид) | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • ЕБОР PR6<br>• *Закон за животна средина*<br>• *Закон за заштита на природата*<br>• Директива за птиците<br>• Директива за живеалишта | *Одговорност:* Претпријатието за надзор, Изведувачот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Ресурси на изведувачот | Пред и во тек на изградбата | Доказ за извештај за анализа<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 6.3 | Од Изведувачот да се побара во **ПЖССАИ** да вклучи општи мерки за намалување на ризик за **заштита на биолошката разновидност**:<br>• оградување на локацијата за да се спречи влез на видовите фауна<br>• да се избегне какво било нарушување на областите надвор од подрачјето за изградба<br>• намалување на можноста за формирање на | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • ЕБОР PR6<br>• *Закон за животна средина*<br>• *Закон за заштита на природата*<br>• Директива за птиците | *Одговорност:* Претпријатието за надзор, Изведувачот за спроведување<br><br>*Ресурси:* Ресурси на изведувачот | Пред изградбата | Доказ за ПЖССАИ со мерки за заштита на биолошката разновидност<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | засолништа за помалите животни во текот на градежната фаза преку чистење на неупотребен градежен материјал<br>• избегнување на какви било движења на механизацијата во реката Вардар за да се спречи нанесување штета на водниот свет<br><br>Мониторинг на исполнувањето на условите од страна на Изведувачот. | | • Директива за живеалишта | | | | |
| 6.4 | Во **ОПУЖССА** да се вклучат следните мерки за **заштита на биолошката разновидност**:<br>• реализација на добри практики за одржување за да се спречи пожар и/или експлозија што може да ги вознемири видовите во Острово<br>• периодична проверка на надворешните области за присуство на видови фауна како што е дефинирано во ОВЖС<br>• реализација на обуки за работниците од ПСОВ за видовите кои може да се најдат во Острово за да се избегне ненамерно вознемирување на видовите<br>• забрана за какви било активности поврзани со изградба / работење / одржување со цел заштита на рабната област на Острово поради можно присуство на терестријални видови фауна како што се птици, влекачи и мали цицачи. | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • ЕБОР PR6<br>• *Закон за животна средина*<br>• *Закон за заштита на природата*<br>• Директива за птиците<br>• Директива за живеалишта | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Пред започнувањето со работа | Доказ за ОПУЖССА со мерки за заштита на биолошката разновидност<br><br>Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| 6.5 | Компензација за расчистената вегетација покрај речните брегови и насадување на иста / поголема област, во соработка со надлежните органи | • Усогласеност со националните барања, со барањата на ЕБОР и со барањата на ЕУ | • ЕБОР PR6<br>• *Закон за животна средина*<br>• *Закон за заштита на природата*<br>• Директива за птиците<br>• Директива за живеалишта | *Одговорност:* Претпријатието<br><br>*Ресурси:* Интерни ресурси | Во текот на оперативната фаза (првите 5 години) | Вклучени во ГИЖССА за Заемодавачите | |
| **PR 8** | **Културно наследство** | | | | | | |
| 8.1 | Претпријатието да утврди **Постапка при откривање наоѓалишта** за управување со пронајдените наоѓалишта, | • Усогласеност со барањата на | • Закон за заштита на | *Одговорност:* Претпријатието | Пред изградбата (подготовка на | Изготвена Постапка при откривање наоѓалишта | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дефинирани како физичко културно наследство кое е случајно пронајдено во текот на спроведувањето на проектот, комуникација со Изведувачот за спроведување на постапката во текот на градежните работи и осигурување дека релевантниот персонал и Изведувачот се обучени за релевантните барања.<br><br>Одредбите од Постапката при откривање наоѓалишта треба да вклучат:<br>• Известување на надлежните власти за откриените објекти/места;<br>• Информирање на проектниот тим за можноста за откривање на наоѓалишта;<br>• Оградување на областа на наоѓалиштето за да се избегне какво било вознемирување или уништување. | ЕБОР<br>• Минимизирање на ризиците за непознатото културно наследство | културно наследство<br>• ЕБОР PR 8 – Културно наследство | *Ресурси:*<br>Интерни ресурси или поддршка од надворешен консултант | постапката) и во текот на градежната фаза (спроведување на постапката) | Евидентирана обука (која може да биде дел од воведниот дел)<br><br>Вклучени во ГИЖСОА за Заемодавачите | |
| **PR 10** | **Обелоденување на информации и вклучување на заинтересирани страни** | | | | | | |
| 10.1 | Претпријатието да го **спроведе и ажурира Планот за вклучување на заинтересирани страни** (ПВЗС) согласно потребите, за да се осигури дека се идентификувани сите заинтересирани страни, дека навремено се обелоденети доволно информации за прашањата и влијанијата кои се резултат од Проектот и за предложените мерки за намалување на ризик, како и дека сите заинтересирани страни се консултираат на конструктивен и соодветен начин во текот на спроведувањето на проектот. | • Усогласеност со барањата на ЕБОР<br>• Управување со ризиците и влијанијата врз заедниците засегнати со Проектот | • ЕБОР PR10- Обелоденување на информации и вклучување на заинтересирани страни<br>• Конвенција на УНЕЦЕ за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина | *Одговорност:*<br>Претпријатието<br><br>*Ресурси:*<br>Интерни ресурси | Континуирано | Извештаи за мониторинг за резултати од процесот за вклучување заинтересирани страни согласно утврденото во ПВЗС | |
| 10.2 | Да се спроведе механизам за жалби за проектот и да се информираат засегнатите заедници за процесот на жалби, вклучувајќи и специфична комуникација во текот | • Усогласеност со барањата на | • ЕБОР PR10- Обелоденување | *Одговорност:*<br>Претпријатието Изведувачи | Континуирано | Следење на ефикасно функционирање на механизмот за жалби | |

| Бр. | Активност | Ризици за животната средина и социјални ризици (Одговорност/придобивки) | Барање (Законодавно, Барања за реализација на ЕБОР, Најдобри практики) | Ресурси, потреби од инвестиции, одговорност | Временски распоред | Цел и евалуациски критериуми за успешно спроведување | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на активностите за вклчување на заедницата.<br>Гарантирање дека Изведувачот ги спроведува одредбите за управување со жалби, согласно утврденото во ПВЗС, преку вклучување на таквите одредби во тендерската документација и во договорите кои се потпишани со изведувачите. Изведувачите (вклучително со персоналот за обезбедување) да бидат обучени за механизмот за поднесување жалби. | ЕБОР<br>• Гарантирање на навремено и ефикасно решавање на жалбите. | на информации и вклучување на заинтересирани страни | | | согласно утврденото во ПВЗС.<br>Одредбите за управување со жалбите во врска со Изведувачите се вклучени во тендерската документација и во договорите кои се потпишани со изведувачите | |